РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-1610/2
26-07-2024 v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1610/1 од 15.05.2024 година, во која се укажува за состојби и незаконитости при распределбата на спортки ваучери од --------- -- ----- - -----, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, од причина што веќе е постапено по предмети со иста фактографија на наводи со предметните наводи за кои се има произнесено по однос на истите и донесени се одлуки од нејзина надлежност.

Предметот со број 12-1610/1 од 15.05.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 15.05.2024 година, доставена е пријава во која се изнесени наводи со сомнение за финансиска проневера при распределбата на спортки ваучери од порананешен директор на --------- -- ----- - ----- и оформен е предмет број 12-1610/1 од 15.05.2024 година.

При разгледување на пријавата и по извршени интерни проверки ДКСК дојде до следните сознанија:
- По однос изнесените наводи против поранешниот директор на --------- -- ----- - ----- во врска со злоупотреба на финансиските средства при распределба на ваучери за спортски клубови од страна на ДКСК веќе е постапено по предмет со број 12-3723/1 од 15.04.2022 година и со одлука од 81-та седница покрената е иницијатива за кривично гонење со број 12-632/5 од 24.02.2023

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

година пред Основното јавно обвинителство, кое постапило и на 29.04.2024 година има поднесено обвинителен предлог против инволвирните лица.
- ДКСК има постапено и одлучено уште по два предмета идентични со предметниот случај и тоа 12-2573/1 од 25.05.2023 година и 12-1002/1 од 06.03.2024 година, а донесените одлуки се објавени на нејзината веб страница во законски предвидениот рок.

Врз основа наведеното ДКСК констатира дека беспредметно е постапувањетп по предметната пријава од причина што веќе е постапено по предмети со иста фактографија на наводи со предметните наводи и донесени се одлуки од нејзина надлежност, по што оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапувањеи и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Татјана Димитровска

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Изготвил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

Одобрил: С.Д., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата